
НУ СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА-СКОПЈЕ



И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА НА НУ СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА-СКОПЈЕ

за периодот од 01.01. - 31.12.2023 година

Ул. Македонија бр.9, 1000 - Скопје, тел. 02 3290 674, РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

e-mail: info@memorialhouseofmotherteresa.com

www.memorialhouseofmotherteresa.com

ВОВЕД

Со Годишната програма на Министерството за Култура на Република Северна Македонија, за остварување на проекти од национален интерес во културата за 2023 година, на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза беа одобрени финансиски средства за реализација на четири проекти и тоа: еден од меѓународна дејност и три од музејска дејност.

I. Музејска дејност:

- Афирмирање на животот и делото на Света Мајка Тереза преку изработка на биографска книга од дрво за Света Мајка Тереза.
  Одобрени средства: 50.000,00 денари.
  Овој проект е завршен со реализација.

- Откуп на права и презентација на документарен филм за Мајка Тереза „Зора во Калкута“ - овој проект не може да се реализира поради условите кои ги поставува продуцентот и режисерот на филмот: превисока цена за откуп како и други посебни услови.
  Одобрени средства: 30.000,00 денари.
  Овој проект не е реализиран.

- Литературен конкурс и печатење на книга со раскази за Мајка Тереза.
  Одобрени средства: 100.000,00 денари.
  Овој проект е завршен со реализација.

II. Меѓународна дејност:

- Меѓународна изложба „Од Скопје до небесата“, Темишвар, Романија.
  Одобрени средства: 100.000,00 денари.
  Овој проект е завршен со реализација.

I. Музејска дејност

I.1. Афирмиријање на животот и делото на Света Мајка Тереза преку изработка на биографска книга од дрво за Света Мајка Тереза: Проектот се реализираше во соработка со фирмата ”Дигитал Мултимедиа” и во целост го имаме завршено. Направен е целосен превод од македонски на англиски јазик на потребниот текст за книгата, графичката обработка т.е. дизајн и едитирање на сликите од Света Мајка Тереза, Спомен куќата и потребните текстови, како и целосен дизајн и

ласерската припрема за гравирање на дрвените корици. Потоа се обезбеди материјал (дрво, алки за поврзување, потребниот картон за кутиите, хартија), се испечати потребниот материјал за внатрешниот дел, се направи целосно гравирање на дрвените корици-предна и задна страна и се направи целосното поврзување и укоричување на книгата. Изработена е во А5 формат, 45 парчиња на англиски јазик и 5 парчиња на македонски јазик. Се изработија и соодветни кутии на кои има испечатено слика со Света Мајка Тереза. Од самата причина дека имавме огромна побарувачка за биографска книга за Света Мајка Тереза, планираме книгата да ја ставиме за продажба во нашата музејска продавница, на кој начин ќе биде и збогатена нашата музејска понуда. Секој што ќе ја има или прочита оваа книга, во целост ќе добие информација за животот на Света Мајка Тереза, која секогаш ќе ни биде потсетник за големината на животот, силата на љубовта и вербата во Господ.
Носител на овој проект е Сузана Цветановска (соработник за маркетинг).

I.2. Откуп на права и презентација на документарен филм за Мајка Тереза „Зора во Калкута“: Наведениот проект не се реализира поради условите кои ги поставува продуцентот и режисерот на филмот: превисока цена за откуп како и други посебни услови. За одобрените средтства е направено барање за пренамена.

I.3. Литературен конкурс и печатење на книга со раскази за Мајка Тереза: Проектот се состои од литературен конурс и печатење збирка со најдобрите раскази. За литературниот конкурс беа понудени три теми за кратки раскази (Ако му дадеш леб на гладниот, ако го наситиш угнетуваниот, твојата светлина ќе засвети во темнината, и твојата темнина ќе стане пладне; Не ни требаат пушки и бомби за да донесеме мир, ни треба љубов и сочувство; Мисија во име на Бог – љубовта кон сиромашните и болните е предуслов за истрајна борба во спроведување на вербата во човечкото). Од пристигнатите раскази, жири комисијата одбра прво, второ и трето место. Потоа се направи селекција и најдобрите 24 раскази беа сместени во збирка која е испечатена двојазично, на македонски и албански јазик.
Носител на овој проект е Снежана Алексовска (кустос).

I. Музејска дејност – вонпрограмски активности

I.4. Изложба "STIMULATE YOUR SENSES" - креативен проект на професорката по ликовно, Елита Алити. Изложбата се состои од паноа со различни текстури од

природни материјали кои можат да се допрат, почувствуваат, исто така и табли кои произведуват звук. Изложбата е наменета за слепите лица и лицата со оштетен вид и глувите и наглуви лица, но и за секој посетител на било која возраст кој сака да доживее едно поинакво сензорно искуство. Изложбата беше отворена на 14.03.2023 година. Вонпрограмска активност во која НУ Спомен куќа на Мајка Тереза учествуваше со давање на простор за реализација на истата.

I.5. Одбележување на 21 Март-Светски ден на поезијата и пролетта. На 21 Март 1984 год. Гонџе Бојаџиу - Мајка Тереза, сега Св. Мајка Тереза, му испрати трогателно писмо на нашиот светски познат уметник, г. Живко Поповски - Цветин со порака: "Сиромашните се секаде околу нас, осамените, несаканите! Биди лубезен и прави им добрини на оние блиску до тебе, и чувај ја радоста на сакањето на Исуса во своето срце, бидејќи Тој е верен". По повод Светскиот ден на поезијата и пролетта - 21 Март, и по повод 39 години од писмото на Св.Мајка Тереза испратено до г.дин Цветин, вчера се организираше колоритна програма, со читање на поезии и пеење во просторот на НУ Спомен Куќа на Мајка Тереза - Скопје.

I.6. 9 Мај - Ден на Европа - 9 Мај - Ден на поставувањето на камен темелникот на Спомен Куќа на Мајка Тереза - Скопје. По овој повод, се собравме заедно да го одбележиме овој значаен датум и за Република Северна Македонија. Оваа активност беше отворена од страна на директорот на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза-Скопје, г. Насер Цури, а во неговото обраќање тој се осврна на работењето на музејот низ годините и се направи ретроспектива на позначајните активности. Тој исто така посочи дека ќе продолжи со заложба да се задржи ентузијазмот во работењето на Спомен куќата и нејзино достојно претставување и промоција на ликот и делото на Гонџа Бојаџиу - Мајка Тереза како пред домашната така и пред странската публика.
На овој солемнитет присуствуваа и: Г.дин Афет Јашари - државен советник за културно наследство, светски познатиот уметник г.дин Живко Поповски-Цветин кој ни подари копија од писмото на Мајка Тереза испратено до него, Г.дин Димче Петрушевски, претседател на Граѓанското здружение "Скопјанката Мајка Тереза", кој ни ја подари лопатата со која е фрлена првата лопата со бетон на камен-темелникот и таписерија со портрет на Мајка Тереза. Учество зедоа и членовите на хорот "Серенада".

I.7. МНК ИКОМ - Комисијата за доделување на наградата "18 Мај - Меѓународен Ден на музеите" формирана од страна на здружението МНК ИКОМ, на НУ Спомен

Куќа на Мајка Тереза - Скопје, ја додели наградата за МУЗЕЈСКИ ПРОЕКТ НА ГОДИНАТА, за проектот "ДВЕТЕ РОЗИ НА ИСУС", од авторката Цветанка Вучковска - Митовска.

I.8. Изложба посветена на Гонџе Бојаџиу - "Мајка Тереза од Скопје во Калкута" автор на која е самиот ректор на универзитетот, г. Изет Зеќири. Оваа изложба е автентична верзија на техниката на мозаик, позната како - opus varvaricum.
НУ Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје, има професионална и пријателска соработка со универзитетот и оваа изложба беше изложена во просториите на Спомен куќата за време на манифестацијата Денови на Мајка Тереза.
Вонпрограмска активност во која НУ Спомен куќа на Мајка Тереза учествуваше со давање на простор за реализација на истата.

I.9. „Денови на Мајка Тереза“ - низа настани по повод одбележување на годишнина од раѓањето, смртта и канонизацијата на Мајка Тереза во период од 25.08.-05.09.2023. Настаните кои ја одбележаа овогодинешнаат манифестација се: Изложба “Мајка Тереза од Скопје во Калкута” на г. Изет Зеќири (25.08), Поетски час на Друштвото на писатели ОЕНЕУМ – Тетово (26.08), Промоција на песна и спот посветени на Мајка Тереза (29.08), Читање на поезија посветена на Мајка Тереза од Друштвото на писатели АБЦ Поетике (30.08), Прикажување на филмот “Нешто убаво за Господ” (01.09), Промоција за збирка поезија за Мајка Тереза од граѓанското здружение “Скопјанката Мајка Тереза” (03.09), читање на раскази од литературниот конкурс, доделување награди и благодарници (04.09), а како завршен и главен настан беше организираната крводарителска акција во амфитеатарот на Спомен куќата, а во соработка со Црвен Крст на РСМ (05.09.2023);

I.10. Изложба „Карикатури од цел свет“ од повеќе автори а организирана од карикатуристот Агим Красниќи.
Вонпрограмска активност во која НУ Спомен куќа на Мајка Тереза учествуваше со давање на простор за реализација на истата.

II. Меѓународна дејност

II.1. **Меѓународна изложба „Од Скопје до небесата“,** реализирана во Темишвар, Романија. Во март 2023, на покана на Амбасадата на РСМ во Романија и на почесниот конзул г. Павел Дупта, бевме во посета на Темишвар, Романија - европска престолнина

на културата за 2023 година. На оваа работна средба се утврди местото каде ќе биде поставена изложбата, односно остваривме средби со директорот на библиотеката, директорот на Националниот музеј и со претставници од Градот Темишвар. На средбата беше дефиниран и датумот за поставување на изложбата (октомври-ноември 2023 година). Директорот средбата ја заокружи со работен ручек со лица од амбасадата. За потребите на изложбата беше направен превод на романски јазик за текстовите од колажите, каталогот и плакатот. Во септември 2023 година го утврдивме и конечниот датум за отворање на изложбата: 30.10.2023 г. во 17ч. Изложбата беше поставена во холот на Градското собрание, кое е отворено за посета секој ден од 08-20ч., а според информациите добиени од тамошните претставници, ова е едно од најпосетените места во градот. За отворањето на изложбата беше изнајмено комбе со кое на 29.10. ја однесовме изложбата, и истата ќе беше вратена вратена на 06.11.2023 г. Изложбата ја отвори г. Павел Ернест Дупта – почесен конзул на РСМ во Темишвар, Романија кој му отстапи збор на г. Насер Цури – директор на Спомен куќата – кој ја истакна долгогодишната соработка помеѓу двете земји како производ на културната размена која продолжува да гради мостови. Тој исто така ја потенцираше главната мисија на Мајка Тереза: „да правиме мали работи но со голема љубов“- која треба да ни биде основно начело во секојдневниот живот. На изложбата збор зедоа и г. Кристиан Алин Мос – потпретседател на Советот на округот Тимиш, г. Космин Габриел Табара Амунар – заменик градоначалник на градот Темишвар, г. Овидиу Меган – извршен директор на „Темишвар – Европска престолнина на културата 2023“ и Цветанка Вучковска-Митовска комесар на изложбата. Директорот на Спомен куќата, г. Насер Цури, на сите говорници им врачи медаљони со ликот на Мајка Тереза. На отворањето меѓу поважните гости присуствуваа и г. Силвиу Софроние – почесен конзул на Молдавија во Романија, г. Сегундо Р. Ф. Монтенегро – почесен конзул на Перу во Романија, Претседателката на еврејската заедница во Темишвар г-а Луцијана Фридман како и претставници на повеќе верски заедници во округот Тимиш. Конзулатот на РСМ во Темишвар организираше и коктел. Изложбата беше отворена за посетителите 7 дена, и за истата беше известено во повеќе Романски медиуми.
Носител на проектот е Цветанка В. Митовска (виш кустос).

ДРУГИ РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

III. Научно- истражувачка дејност

III.1. Во периодот од 01.01.-31.12.2023 година се продолжи со истражување и остварување на контакти со повеќе институции (Град Скопје, АБЦ Поетике, ОЕНЕУМ, ДМБУЦ Илија Николовски Луј, КИЦ на РСМ во Бугарија, Универзитет Мајка Тереза), печатени и електронски медиуми од странство, во чии архиви се наоѓаат документи, фотографии и видео записи на кои е запишана хуманитарната работа на нашата патронка.

III.2. Во периодот од 01.01.-31.12.2023 година, кустосите во Спомен куќата активно учествуваа на повеќе семинари и работилници од областа на музеологијата кои беа организирани од сродни институции во земјава.

Овие семинари беа дел од двегодишниот проект Едукон поддржан од Хедли Траст (Headley Trust) од кралството на Велика Британија, а во организација на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија и тука спаѓаат: "Право на различност" (08-09.04.2023), "Музеј по мерка на публиката" (25-26.03) и завршната конференција која се одржа во Битола на 30.10.2023

IV. Музејско водење и едукација

Во текот на првата половина на 2023 година кустосите и едукаторот ги иршуваа своите работни обврски и покрај основната дејност беа посветени и на водење низ постојаната поставка во музејот на групни и поединечни посети од домашни и странски туристи, организирани посети од градинки и училишта, пречек на високи државни и црковни делегации од земјата и странство.

Меѓу бројните посети на значајни личности од земјата и странство би ги издвоиле:

- Министерката за одбрана на Република Австрија, г-ѓа Клаудија Танер, во друштво на амбасадорот на Република Австрија во РСМ, г-дин George Vucas;

- г-ѓа Вјоса Османи Садриу, претседател на Република Косово, на својата официјална посета на Скопје, во придружба и на амбасадорот на Косово во РСМ, г.дин Флориан Ќехаја, положи цвеќе на спомен плочата која се наоѓа на местото каде е родена Гонџе Бојаџиу - Мајка Тереза.;

- делегација од Република Косово, во придружба на претседателот на политичката партија Алтернатива, г-дин Африм Гаши;

- Министер за култура на Индија г-ѓа Менакши Леки;

V. Инвестиции и одржување

Во програмата инвестиции и одржување на Спомен Куќа Мајка Тереза, за тековната 2023 година, беа реализирани следните проекти:

V.1. подигната е заштитна ограда околу чилерот во дворот на Спомен куќата, кој често пати бил цел на вандализам, заради спречување на негово оштетување. Со поставувањето на оградата кај чилетот се постави и врата кон надворешните скали кои водат кон капелата во Спомен куќата, со што се обезбеди поголема сигурност на објектот.

V.2. Иработка на табла со назив на институцијата која беше поставена на влезот на Спомен куќата.

V.3. Набавка на компјутер за потребите на административната служба;

VI. Музејски маркетинг и односи со јавноста

Важен дел од работата на нашиот музеј е и маркетиншката дејност, чија основна цел е промоција и афирмација на животот и делото на Мајка Тереза, но и на културното и духовното наследство на нашата земја. Во текот на 2023 година, од оваа дејност се реализираа следните активности:

VI.1. набавка на нови сувенири со кои беше збогатен асортиманот на музејската продавница. Во последното тримесечје работата на сувенирницата е значително зголемена.

VI.2. Гостувања во радио и ТВ емисии: Интервју за РТК - Реализирано од новинарот Бесник Исени; Интервју за ТВ1 - Косово; Интервју за ТВ СИТЕЛ, за емисијата "Качамак", Изјава на директорот Цури за Канал 5, интервју на директорот Цури за ТВ Дукагини.

VII. Соработка со други институции и организации

VII.1. Директорот г. Насер Цури зеде учество во проектот на ЦУП - Центар за управување со промени, наречен "Потикнување на доброто владеење и реформите во јавната администрација", подржан од фондот NED (National Endowment for Demokracy) на 25.01.2023.

VII.2. Средба меѓу директорот г. Насер Цури со Бискупот г. Кире Стојанов, на 17.10.2023. На оваа средба се зборуваше за актуелните активности, активностите предвидени за во иднина, како и за активностите кои можеме да ги реализираме заеднички, Црквата и НУ Спомен Куќа на Мајка Тереза - Скопје, со единствена цел, за уште подобро да се осветли ликот и делото на Гонџе Бојаџиу - Мајка Тереза.

VII.3. Учество на годишната конференција за ИПАРД програмата „Нови можности“.

VII.4. Средба помеѓу директорот г. Насер Цури и г. Саит Саити, генерален секретар на Црвен крср на РСМ во врска со евентуалната помош кои можат да ја дадат физичките лица и правните субјекти за настраданите во земјотресот во Турција на 25.01.2023. Средбата беше одржана на 10.02.2023

VII.5. Соработка со "Здружението на слепи и лица со оштетен вид" – Скопје преку средба на директорот г. Насер Цури со Снежана Видиќ, претседател и Елена Ѓурчиновска, секретар на која се разговараше за идни соработки и реализации на изложби. Средбата се одржа на 01.03.2023

VII.6. Соработка со Движењето на фоколарите, кои на 19 март 2023 година, во просториите на НУ Спомен Куќа на Мајка Тереза - Скопје, ја обележува 15-годишнината од смрта на основачката на движењето, КЈАРА ЛУБИК. Во таа пригода се промовираше и македонското издание на нејзината книга "Секој момент е дар".

VII.7. Соработка со Македонски Каритас (Хуманитарна организација на Католичката црква) во партнерство со НВО "Лубезност"- Скопје и НВО "Сонце" - Тетово, имплементираат проект "ГРИЖИ СЕ", подржан од Сојузното Министерство на Република Австрија за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачите и Каритас Австрија. Главната цел на проектот е да им се помогне на луѓето кои се изложени на зголемен ризик од сиромаштијата и социјална исклученост. Проектот се реализираше во просторот на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза – Скопје на 31.03. Присутни беа директорот на Македонски Каритас г.дин Зоран И. Стојанов и Бискупот д-р Киро Стојанов.

VII.8. Учество на директорот г. Насер Цури на Свечена академија во чест на Меѓународната недела на сестринската професија на 12.05. 2023

VII.9. На 19 јуни, во соработка со Црвениот крст на РСМ и градот Скопје, во просториите на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза - Скопје, се потпиша меморандум за соработка меѓу Министерството за образование - министер г. Јетон Шаќири и генералниот секретар на Црвен Крст на РСМ, г. Саит Саити. Во подршка на оваа иницијатива беше и зам. министерот за здравство, д-р Маја Манолева, како и градоначалничката на град Скопје, г.ѓа Данела Арсовска.

VII.10. Потпишан меморандум за соработка со меѓу НУ Спомен куќа на Мајка Тереза и Друштвото на писатели ОЕНЕУМ – Тетово на 27.07.2023

VII.11. Потпишан меморандум за соработка со Град Скопје по повод прогласувањето на Скопје за Европска престолнина на културата за 2028 година на 13.10.2023.

Оваа година оставривме средби со повеќе сродни институции на кои разговаравме за можноста за развивање на заеднички проекти. Од нив би ги издвоиле средбите со: г-дин Бесфорт Идризи, Продекан на факултетот на драмски уметности во Скопје, пријателска средба со главниот уредник на Радио Скопје, програма на албански јазик г-ѓа Валбона Зунче Пајазити, г.дин Дон Луш Ѓерѓи, во неговата резиденција, во Катедралата Мајка Тереза во Приштина, Ректорот на Универзитетот "Мајка Тереза"-Скопје, г.дин Изет Зеќири, средба со уметникот Агим Красниќи; работна средба со Славица Бабамова, директорка на Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија; работна средба со Митко Јанев, средба со професорот Мустафа Ибрахими.

Сите горенаведени настани, средби и проекти се изработени и организирани од вработените и директорот Насер Цури во текот на 2023 година. Решението за именување вршител на должноста директор започнува од 19.12.2023 година со архивски број 44-11371/2 .

Скопје,
18.01.2024

Подготвил,
Соња Кузмановска

_____

В.Д. Директор